# УМЕТНОСТА НА СОБЛЕКУВАЊЕТО

Stephanie Lehmann

# ГЛАВА ПРВА

„Значи, сите мислите дека сум курва!“

Триесет и тројца слушатели од различна возраст, форма и големина се нацртаа пред мајка ми на првиот час по стриптиз. „И сите сакате да бидете курви!“ Иронијава ѝ беше добро позната на бившата стриптизерка Коко Винтерс – мајка ми. Отсекогаш мислеа дека е курвиче, а во денешно време е и модерно да си курвиче. Жените во големи групи доаѓаа на нејзините часови за да учат од професионалец.

Јас требаше да го пуштам дискот од Мадона кога таа ќе го почнеше своето демо и да ги продавам дрангулиите после часот. Пафкало од пердуви, секси розеви марами, бижутерија, вибратори, потпишани примероци од книгата што сама си ја издаде „Како да се соблекувате пред љубовникот“.

Стварно не сакав да бидам таму.

Ама, нејзината помошничка Сани, беше на одмор во Грција, па кога Коко ме замоли да ја заменувам во јули, не можев да одбијам. А Сани постојано си го продолжуваше одморот и веќе дојде септември. Кога стоев позади и гледав, не можев да престанам да се чувствувам глупаво. Добрата ќерќичка ѝ помага на мама во продавањето вибратори.

Ме погодуваше сето ова, бидејќи тој ден пак се вселив кај неа. Да, пак се вселив кај мајка ми. Најмив едно „момче со камионче што се вика Томче“ да ме однесе од Сто и педесетата до Четириесет и осмата улица со сиот мој багаж. Бум. Еве ме. Дваесет и пет годишна. Назад во мојата детска соба.

„Значи“, ме праша Томче, „назад кај мајка ти, а?“ Возевме по Бродвеј, а семафорите постојано ги фаќавме на жолто. „Се надевам добро ви оди.“

„Добро е“. Коко и јас си имавме проблемчиња, ама ништо страшно. Барем не морав да плаќам кирија.

„Пред да се вселам пак кај мајка ми, живеев на улица,“ рече Томче. „Ама многу е напната.“

„Мајка ми е баш спротивно од напната." Поминавме покрај некои познати продавници. „Што само по себе си е проблем."

На огромната раскрсница спроти центарот Линколн, застанавме на црвено светло. Тогаш моето биро, натрупано врз другите мои работи, се лизна и ме удри по тилот. Не многу силно, ама се исплашив. Се свртев и го поттурнав наназад. Светлото на семафорот се смени. Томче забрза и на наредниот семафор нагло закочи на црвено, па за секој случај се наведнав, да не ме удри пак. „Сигурен си дека работиве се добро спакувани?"

„Да. Сè е под контрола."

Не знам зошто би му верувала, кога не изгледаше дека сè е под контрола. Неизбричен, со мрсна коса, со вцрвенети очи. Не ти треба диплома по физика за да сфатиш дека ако нагазне на кочниците, бирото ќе се лизне и ќе ни ги смачка главите. Можев и да излезам од камиончето, да му ја повредам гордоста, и да го оставам да се обезглави. Ама можеби ќе избега со сиот мој багаж и никогаш нема да можам да го најдам. Не дека со тоа ќе пропаднеше светот. Највредна сопственост ми беше комлпетот ножеви. Омилен ми беше дваесет сантиметри долгиот готварски нож Глобал. Јапонски – поевтин, ама полесен за употреба од тешкиот, карбонизиран, и тежок за острење Хенкелс и Вустхофс. Како природно продолжение на мојата десна рака. Највозбудливо беше тоа што имаше супер челична рачка што не 'рѓосува.

Се радувам на челикот што не 'рѓосува онака како што повеќето жени се радуваат на дијаманти. Сребреникавиот сјај ми дава сигурност. Секој пат кога ќе го избришам изгледа како нов.

Сакав да ѕирнам дали ножевите се добри. Да. Тука се, баш пред мене, завиткани во парче дебело сино платно свиткано како палачинка. Да ги грабнам и да излезам, нели?

Ама не, сакав да бидам фина. Па така си седев и во себе се молев патувањето до шеесет и седмиот блок да помине без повреда на 'рбетниот мозок.

„Може да те прашам зошто се селиш?" праша Томче. „Сакам да ги слушам приказните на другите. Обично тоа значи

дека поминуваат низ некаква голема промена на подобро – или пак на полошо. Ми изгледа дека кај тебе не ќе е на арно.“ Се закикоти. „Така ли е?“

За него прочитав на оглас закачен на бандера, ама сепак мислев дека треба да се одбранам. „Дечкото на другарка ми се всели кај нас. Договорот е на нејзино име, па морав јас да си отидам. А плус тоа се запишав на факултет за кулинарство што се наоѓа блиску кај мајка ми, па ми беше логично да се вратам кај неа. Кога ќе дипломирам, ќе се вработам некаде и ќе си продолжам со животот. Ова е само привремено.“

Ме смируваше таа „пауза“ во станот во кој пораснав, пред да се вратам назад во колосек. Дури и ако Коко ме полудуваше, тоа лудило ми беше познато, па тука си најдов утеха.

„Супер. Тие готварски факултети се скапи, нели?“

„Аха.“ Кога прв пат се распрашав, не ми се *веруваше* колку се скапи. Оној што мислев дека има најдобра програма за мене (а не беше најскап) чинеше десет илјади долари за семестар. Даваа и стипендија што го намалуваше трошокот, ама сепак. Коко живееше скудно, а не сакав да го молам татко ми за помош, па немав поим како ќе успеам да платам. Моите се развеле уште кога сум била бебе. Коко отсекогаш била премногу горда за да прима алиментација, па освен за факултет, никогаш не сум побарала нешто повеќе од основните работи што му требаат на едно дете. Ама ги стиснав забите и го замолив, а тој се согласи, иако ми се чини дека не беше одушевен да ја финансира мојата одлука да добијам „диплома“ (сертификат) со која ќе можам да си најдам „потпросечна“ (мизерно платена нискокласна) работа.

„И јас мислев да се запишам,“ рече Томче.

Изгледа дека сите (освен татко ми) сакаа да се запишат на кулинарство штом ќе слушнеа дека јас сум се запишала. Дури и Коко. Не ми излегува од глава нејзиниот глас кога кажав. *Е, не е фер. И јас сакам да одам.* Кога ѝ кажав дека сакам да специјализирам за слатки, стана уште пољубоморна. Десертите, обично викаше, се „секс на чинија“. А јас мислам, сексот е „десерт во кревет“.

Кога стигнавме на десетина блокови од мојата зграда, му се јавив на дечко ми, Јан, на мобилен. Требаше веќе да биде пред мојата зграда.

„Не сум заборавил“, рече.

„Значи таму си?“

„Еве идам. Заглавив во центар.“

„Кога ќе стигнеш?“

„За пола саат.“

„Ни требаш сега!“

„Почнете без мене. Ќе дојдам најбрзо што можам.“

Му спуштив и пробав да не се изнервирам. Никој не сака да ти помогне при селење, нели? Затоа му плаќаш на некој непознат да те пресели. Сепак, знаев дека не се работи само за тоа. Врската полека ни умираше, а никој од нас не можеше да ја прекрати.

Се јавив кај мајка ми да видам дали е дома, ама ми се вклучи говорната пошта. Не оставив порака. „Дечко ми доцни,“ му признав на Томче, „ќе мора да почнеме без него.“

„Еден од нас ќе мора да остане во камиончето, инаку ќе го крене пајак.“

„Можеме да се менуваме.“

Знаев дека се изнервира. И стварно, дваесет долари на саат не беа доволни за да го прави ова. Застанавме пред зградата. Коко го наследи станот на третиот кат од баба ми која го купила по пониска цена во седумдесеттите кога зградата станала приватна. Иако беше мизерна стара станбена зграда на бучна улица во централниот дел од градот, зделката беше премногу добра за да се испушти. Беше практична затоа што беше сместена во центар.

На улицата немаше легален паркинг. Ако дојде полицаец, ќе нѐ казни. „Ајде побрзо да завршиме,“ рече Томче. Станот се наоѓаше на еден од четирите ката до кои се стигнуваше само по скали, а кои успеале да го избегнат рушењето со цел да се изгради деловна зграда. На источниот крај од блокот се наоѓаа огромни, модерни висококатници. Центарот Рокфелер се наоѓаше зад аголот. Ама ако одиш кон запад, кон Осмата Авенија, улицата стануваше никаква, со многу мали ресторанчиња што ги услужуваа луѓето кои за време на викендите ја преплавуваа

населбата. На мојот блок имаше театар, катна гаража, салон за маникир, аптека, гатачка на тарот карти, заложница, и еден тип што на тезга продаваше вратоврски и безбол капчиња. Плус речиси сите видови храна: кинеска, индиска, ирски паб, мала бакалница. На приземјето од мојата зграда имаше продавничка во која се продаваа тазе ѓевреци. Улицата беше целосно во сообраќаен метеж, а полицијата како луда кружеше низ населбата.

Ја потпревме задната врата за да стои отворена, се натовaривме, се провлековме низ бескрајната колона пешаци и спуштивме сè пред скалите. Јас останав во камиончето (со грижа на совест) додека Томче ги качуваше работите горе. Потоа моравме да се справиме со бирото. Беше премногу тешко за да го качи сам, па моравме двајцата да го носиме, иако фиоките беа извадени. Па се стрчавме надолу да видиме дали камиончето сè уште е таму. Фала богу, таму беше. Без казна. Успеавме!

Му се заблагодарив дури и претерано и му дадов три дваесетки плус бакшиш од десет долари. Ми рече – среќно, и си отиде. Тогаш Јан се довлечка на улицата во неговите вреќасти зелени војнички панталони со темно сина маичка. Висок, исончан, слабичок, и со малку рокерски стил, со неизбричено лице и кратка смеѓа коса со боцки. Сè уште се топам кога го гледам.

„Еве ме! Што треба да ти помогнам?“

„Баш знаеш да го погодиш времето!“

Еве зошто Јан задоцнил: Бил во музичка продавница на Источната четврта улица. „Слушав некои песни и загубив чувство за време. Извини!“

Се качивме во станот, малечок, двособен, со еден ходник долг колку и самиот стан. Кујната гледаше на улицата. Голем син знак за ТОПЛИ ЃЕВРЕЦИ стоеше надвор пред двата предни прозорци. Потоа дневната, мојата соба, па купатилото, и на крајот собата на Коко. Местово беше ужасно, тесно, постојано неуредно. Доме сладок доме.

Мојата соба не беше пипната откако си имав заминато за да одам на колеџ. Истата колекција полнети пилиња Твити наредена на полицата, постерот од Аланис Морисет и старата искинатата плетена сина черга на подот. Она што отсекогаш го сакав кога растев овде, беше тоа што надвор се одвиваше еден

живот, додека внатре, во мојата тивка безпрозорна соба, си имав свој удобен, сигурен и спокоен малечок свет.

Ја затворив вратата и почнав да се распакувам. Јан се оптегна на мојот кревет од детството, дупол кревет, и ни еден од нас не го спомна фактот што јас се вселувам кај мајка ми наместо, да речеме, кај дечко ми, кој имаше свој еднособен стан во Вашингтон Хајтс. Му предложив, ама тој одби. Беше музичар, таму работеше, му требаше просторот... Неговиот инструмент? Компјутер. Беше опседнат со усовршувањето на една програма со која компонираше на компјутерот и можеше сам да „свири“ на сите инструменти. Бев подготвена да му го дадам потребниот простор. Немаше многу да барам. И онака ќе бев зафатена со факултетот. Идејата баш ми се допаѓаше. Не бевме младенци, а можевме да се преправаме дека сме. Да си играме дом. Да бидеме заедно на крајот на денот. Интересно, нели?

Очигледно не.

Сепак. Беше толку сладок. Можеби ништо не е загубено. Можеби ќе почне да ме цени. Легнав до него на тесниот душек. Со лицето сакав да ја допирам меката маичка на неговите гради. Да ги ставам нозете околу него. Ама не бев сигурна. Сакав тој прв да ме допре. „Е, кога мајка ми не би имала час вечерва.“

„Може да дојдам?“

„Не.“ Еднаш му дозволив да дојде. Сè уште се каам.

„Е, голема работа!“

„Едноставно не уживам да те гледам кога ја гледаш мајка ми како се соблекува.“

„Не мислиш ли дека е малку чудно... што си толку различна од Коко?“

Мислеше на мојата срамежливост. На почетокот на нашата врска, секогаш легнував во кревет пред да бидам целосно соблечена, и сакав светлата да бидат изгасени пред да бидам гола. Сега е подобро. Можам, на пример, да поминам низ собата гола пред него. Сепак, морав да се преправам и пред него и пред себе си дека не ми е срам да ме види „како од мајка родена“.

„Ти сакаш да играм стриптиз?“

„Баш би било интересно.“

„Заборави.“

„Зошто?“

„Кога би личела малку повеќе на мајка ми, сите би биле посреќни.“

„Никој не го очекува тоа.“

„Ти го очекуваш.“

Се закикоти. „Ти ни најмалку не си како мајка ти.“

Влезната врата од станот се отвори и се затвори. Сигурно е таа. „Здраво!“ викаше додека чекореше накај мојата соба. Се исправив. „Чук, чук! Може да влезам?“

Коко ја отвори вратата без да почека. Јас станував од креветот.

„Упс! Извинете. Немавте секс, нели?“

Ги стиснав забите и почнав да го средувам бирото. Да знаеше колку ретко имавме секс во последно време, ќе се разочараше. „Здраво, мамо.“

Мама. Четириесет и тригодишна. Висока и прекрасна. Долга, густа костенлива коса со светли црвени прамени. Бледа, млечно бела кожа наместа прошарана со пеги. Сочни усни, крупни зелени очи. Јас сум малку пообична или, да речеме, една потценета верзија од неа. Не е многу пријатно кога го гледам Јан како ужива во ултратесната темно црвена растеглива маичка од која претекуваат силиконите на мајка ми.

„Здраво, Коко, како си?“

„Супер! Па, како е? Добро помина селењето?“ Ја крена ногата и ја соблече секси сандалата со блескави розеви копчиња.

„Да.“ Го турнав бирото до ѕидот.

„Џинџер е малку нервозна. Јас требаше да ѝ помогнам, ама задоцнив“, рече Јан.

Коко ја соблече и другата сандала. „Добро е ако ти е лута тебе, а не мене.“

„Не е лута“, реков додека ставав една фиока во бирото.

„Океј. Тогаш, дојди ваму!“

Ги рашири рацете кон мене. Се приближивме.

„Добредојде дома!“ Ме гушна силно и цицките ни се судрија. „Мммуа!“ Ми залепи сочен бакнеж на челото. Мирисаше на Шанел.

„Фала, мамо.“

Ми беше мило што го чув ова. Знаев дека можеби нема да биде одушевена ако некој ѝ го окупира просторот.

„Па, извинете ме, ќе ве оставам сами. Треба да се подготвам за час.“

Со еден прст ги крена сандалите. Јан ги измери нејзините поцрнети, голи нозе додека таа излегуваше од собата.

Ја затворив вратата и отидов до шифоњерот. Не го памтев олку малечок. Добро е што немав многу облека. Некои мои стари игри уште беа внатре. Живот. Ризик. Извини. Штета.

Јан воздивна. „Сфаќам колку ти е тешко.“

„Што?“ Знаев што ќе каже, ама морав да го слушнам како го кажува, како што кремот сам си бара да биде излижан.

„Да се натпреваруваш со мајка ти.“

„Затоа што таа е толку секси.“ Го отворив куферот. „А јас не сум?“

Тој се исправи. Со нозете на подот. Воздивна. „Види, може е подобро да си одам.“

Ги стиснав усните. Извадив еден куп маички од куферот. Морав побрзо да завршам со ова. Се разбира дека не ја сака мајка ми повеќе од мене. Се разбира дека ме сака мене таква каква што сум, и покрај тоа што не сака да живее со мене.

„Да те оставам да се распакуваш.“

Ги ставив маичките во фиока. Бев пречувствителна. И навистина, станов беше многу поблиску до факултетот, ќе беше смешно да се вселев кај него, на другиот крај од градот.

Тој стана. „Си одам.“

И стварно. Голема работа! Па зошто да играм стриптиз? *Каде си тргнал, еј? Седни на креветот, злато, и ќе ти покажам што можам.*

„Ќе се видиме“, реков.

„Чао.“

Си отиде без да ме допре. Ја затворив вратата.

Барем не беше тука да ја види Коко кога излезе од нејзината соба целата дотерана за час. Носеше тесни, црвени, многу кратки шорцеви со патент однапред и тесна кратка маичка од леопардово крзно. Со „лицето што го носеше“ изгледаше барем десет години помлада.

„Како оди распакувањето?“

„Го завршив.“

„Супер. Значи беше лесно.“

Стоевме една до друга пред огледалото во ходникот. Си врзав репче додека таа ја бушавеше нејзината долга, густа коса.

„Речиси како никогаш да не сум си отишла.“

Таа се наведна кон огледалото. „Само што сега имам повеќе брчки.“

„Се зезаш? Супер изгледаш.“

„Ама треба многу повеќе работа. Подготвена?“

Се помислив, да ставам кармин, ама решив да не трошам време на тоа. Не изгледав толку прекрасно како неа, ама барем младоста беше на моја страна. „Ајде.“

Таа ги облече нејзините високи штикли. Јас ги облеков моите бели патики. Двете се фативме за по една рачка од големата торба преполна со секси играчки и додатоци за стриптиз и излеговме.